РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
С К О П Ј Е

Врз основа на член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, број. 01-1089/1 од 04.07.2006 година, членот 31 став (2) точка 27 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14 и 30/14) а во врска со член 17 ставовите (1), (3) и (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Државната изборна комисија на ден 26.01.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

***Член 1***

Во Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија број 01-1533/1 од 15.10.2015 година, во членот 12 став 1 точка 8, по зборовите „општина Кавадарци" се додаваат зборовите „и Неготино", а во точката 9, по зборовите „општините Берово" се додава запирка и зборот „Виница".

***Член 2***

Во членот 18 став 3, по зборовите „општина Кавадарци" се додаваат зборовите „и Неготино" а по зборовите „општините Берово" се додава зборот„Виница".

**Член 3**

Во член 19 став 1 точка 8, по зборовите „општина Кавадарци" се додаваат зборовите „и Неготино", а во точката 9, по зборовите „општините Берово" се додава запирка и зборот „Виница".

***Член 4***

Останатите одредби од Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија број 01-1533/1 од 15.10.2015 година, остануваат непроменети.

***Член 5***

Овој Правилник за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и на ВЕБ страната на Државната изборна комисија, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-218/1

**26.01.2016 година**
**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Александар Чичаковски**

*Одобрил: Д. Јанчев*